

## ПРОГРАМ

# 7. Конференција за медиуми во Југоисточна Европа

## Нов фронт: Работиме заедно за да ја негуваме слободата на медиумите

## Ден 1: Безбедност на новинари

**09:15 Учесниците можат да се поврзат преку онлајн платформата Зум (ќе добијат линк за пристапување)**

**Модератор на конференцијата: Адис Мустеданагиќ**, Канцеларија на претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите

**09:30 Добредојде**

- **Јирген Хаизел**, директор, Канцеларија на претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите
- **Инид Мило**, раководител на Оперативната група при претседателството на ОБСЕ, Министерство за европски и надворешни работи
- **Н.Е. Андреа Оризио**, раководител на мисијата на ОБСЕ во Србија

**10:00 Почесен говор**: ***Унапредување на слободата на медиумите: фокус на Западен Балкан***

- **Патрик, Пенинкс**, раководител на Одделението за информатичко општество, Совет на Европа

**10:15 Панел сесија I:** ***Можности и закани за воспоставување ефикасен национален механизам за заштита на новинарите - работни групи за безбедност на новинари на Србија и Холандија***

Сè почестата небезбедност на новинарите е едно од најтешките и широкораспространети прашања во регионот. Во декември 2016 г. Министерството за внатрешни работи на Србија, Републичкото јавно обвинителство, и седум медиумски и новинарски здруженија потпишаа Договор за соработка и мерки за зголемување на нивото на безбедност на новинарите. Во јануари 2017 г. беше формирана Постојаната работна група за безбедност на новинарите, која се состои од членови на сите потписници. Освен формирањето на работната група, со Договорот се предвиде и воспоставување систем за контактна точка како целосно нов механизам за итна и координирана реакција во случаите на напади врз новинари.

Во јули 2018 г. холандските органи за спроведување на законот и медиумската заедница постигнаа договор заедно да се спротивставаат на насилството и заканите против новинарите. Овие иницијативи се примери за тоа како конструктивниот дијалог, во којшто се вклучени сите заинтересирани страни, може да доведе до значителни чекори напред кон обезбедување на неопходните услови за подобрување на безбедноста на новинарите. Меѓутоа, за да бидат делотворни, за ваквите сложени процеси потребно е време, постојано учење и заемно разбирање на сите вклучени страни. Во оваа панел сесија ќе се стави фокус на можностите и предизвиците со коишто се соочуваат двете работни групи во своите напори да се справат со сè почестата неказнивост за нападите врз новинари.

- **Бранко Стаменковиќ**, заменик републички јавен обвинител на Република Србија и член на Постојаната работна група за безбедност на новинари.

- **Петер тер Велде**, координатор за безбедност на Холандската радиодифузна корпорација НОС (NOS) и на Прессејфти (PersVeilig)
- **Тони Ангеловски**, помошник министер за односи со јавност, Министерство за внатрешни работи, Северна Македонија
- **Модератор: Гордана Јанковиќ**, раководител на Одделението за медиуми, Мисија на ОБСЕ во Србија

**11:45 Пауза за кафе:** ***Проекција на видеоприказни за локални новинари во продукција на Фондација Славко Ћурувија***

**12:15 Панел сесија II:** ***Унифицирање на националните бази на податоци, анализи и известување за напади и насилство врз новинари***

Со Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ за безбедност на новинари (бр. 3/18) се повикуваат државите учеснички „да воспостават или да го зајакнат, онаму каде што е можно, собирањето податоци, анализата и известувањето за напади и насилство врз новинарите на национално ниво“. Од усвојувањето на документот, некои од државите учеснички започнаа различни иницијативи за воспоставување национални бази на податоци кои ќе обезбедат најточни и сигурни информации за природата и размерот на повредите врз слободата на медиумите.

Оваа панел сесија ќе понуди платформа за дискусија на тековните регионални практики и успешни примери за воспоставување ефикасни механизми за документирање на нападите и другите форми на насилство врз новинарите од страна на органите за спроведување на законот и новинарските здруженија. Базите на податоци создадени од новинарските здруженија често пати содржат различен број регистрирани напади врз новинари во споредба со оние на полицијата или обвинителството. Ваквата ситуација додава одредена доза комплексност во нивните заеднички напори за борба против неказнивоста за кривични дела против новинарите и другите медиумски работници.

- **Снезана Трпевска**, претседател, Институт за истражување на општествениот развој, Северна Македонија
- **Санела Горушановиќ-Бутиган**, потпретседател, Виш судски и обвинителски совет на Босна и Херцеговина
- **Арди Велиу**, директор на Генералниот директорат на државната полиција, Албанија
- **Ана Бошковиќ**, државен обвинител во Основното државно обвинителство, Црна Гора
- **Модератор: Тон вен ден Брандт**, виш советник, Канцеларија на претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите

**13:30 Крај на ден I**

## Ден 2: Новинарството во ерата на КОВИД-19

**09:15 Учесниците можат да се поврзат преку онлајн платформата Зум (ќе добијат линк за пристапување)**

**09:30 Добредојде**

- **Н. Е. Сем Фабризи**, раководител на Делегацијата на ЕУ во Србија
- **Н. Е. Јорн Јуџин Ѓелстад**, амбасадор на Кралството Норвешка во Србија

**10:00 Почесен говор:** ***КОВИД-19 и медумите: улогата на новинарството во глобална пандимија***

- **Гај Бергер**, директор за стратегии и политики во областа на комуникациите и информациите, УНЕСКО

**10:15 Панел сесија III:** ***Влијанието на КОВИД-19 врз слободата на медиумите во Западен Балкан***

Во време на непогода во јавното здравство, каква што е сегашната пандемија на КОВИД-19, новинарството има непроценлива улога, особено кога има за цел да ја информира јавноста за суштинските информации и да ги следи постапките на владите. Во оваа панел сесија различни експерти од регионот ќе зборуваат за влијанието врз слободата на медиумите од мерките за справување со КОВИД-19 во Западен Балкан, со посебен фокус врз научените лекции што може да им користат на сите заинтересирани страни во создавањето корисна медиумска средина. Според извештаите на соодветни локални и меѓународни организации, беа забележани многу случаи на мерки со коишто се загрозува слободата на медиумите и слободата на изразување во регионот на ОБСЕ за време на сегашната здравствена криза.

Во изминатите месеци, со ограничувањата и карантинските мерки поврзани со КОВИД-19, медиумите беа сведоци и на поголема побарувачка од јавноста за информации и дури и на потежок пристап до сигурни податоци кои ги имаат јавните органи. Во исто време, здравствената криза доведе до негативно економско влијание врз медиумскиот сектор, со значителен пад во тиражите и приходите од реклами.

- **Могенс Блихер Бјерегорд**, претседател, Европска федерација на новинари
- **Саша Мирковиќ**, предавач, Универзитет Сингидунум, Школа за медиуми и комуникација, Србија
- **Марина Тунева**, Извршна директорка на Советот за етика во медиумите, Северна Македонија
- **Модератор: Борка Рудиќ**, генерален секретар, Здружение на новинари на БХ

**11:30 Пауза за кафе:** ***Проекција на видеоприказни за локални новинари во продукција на Фондација Славко Ќурувија***

**12:00 Панел сесија IV:** ***Замолкнување на новинарките: Од портретирање до малтретирање на интернет***

Новинарките се соочуваат со родово-поврзани закани, малтретирање и заплашување, особено, на интернет. Тоа не само што директно влијае врз нивната индивидуална безбедност, туку претставува и ризик да предизвика заладување на новинарските активности и учество во јавниот дискурс, со што влијае врз пристапот на општеството до мноштво гласови и информации. Во оваа панел сесија новинарките како и државните институции ќе зборуваат за тоа како реагирале досега државите учеснички на овој сè поголем проблем. Освен тоа, ќе се презентираат и разгледуваат и конкретни акции за тоа како да се премине од политика во практика, делумно врз основа на претстојниот Водич со ресурси за #БНИ на РФоМ, којшто ќе се објави на есен во 2020 г.

Со пионерската одлука на Министерскиот совет на ОБСЕ за безбедност на новинари се изразува особена загриженост за „посебните ризици со коишто се соочуваат новинарките во врска со својата работа, вклучително и преку дигиталните технологии" и се препознава дека нападите се јавуваат во многу форми „какви што се сексуално малтретирање, вознемирување, заплашување, закани и насилство, вклучително и преку дигитални технологии". Со неа се нагласува важноста да се осигури дека таквите напади и закани ефективно се решаваат од страна на владите и органите за спроведување на законот. Понатаму, со Коминикето на РФоМ за плурализам на медиумите, безбедност на новинарките и заштита на маргинализираните гласови на интернет, им се препорачува на државите учеснички да воспостават редовен дијалог меѓу заинтересираните страни во којшто ќе бидат вклучени сите главни актери за да се обезбеди холистички и систематски одговор кон малтретирањето на новинарките на интернет и да се поттикне развој на иновативни реакции на малтретирањето на интернет во согласност со меѓународните стандарди за човекови права.

Сведоштва: Покривање вести среде пандемија со КОВИД-19

- **Ана Лалиќ**, новинар, nova.rs
- **Ниџара Ахметашевиќ**, слободен новинар

Панелисти:

- **Вања Чаловиќ Марковиќ**, директор, Мрежа за афирмација на невладиниот сектор, Црна Гора
- **Гентиана Беголи-Пустина**, претседател на Управниот одбор на Здружението на новинари на Косово
- **Модератор: Силвиа Чокаро**, раководител на Одделението за заштита на новинари и бранители на човековите права, ЧЛЕН 19

**13:00 Завршни зборови**

- **Јирген Хаизел**, директор, Канцеларија на претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите
- **Гордана Јанковиќ**, раководител на Одделението за медиуми, Мисија на ОБСЕ во Србија

**13:30 Крај на ден II**